Лекција 5

# ЕВРЕИТЕ ВО НАМЕРАТА ОД БОГ

Никој не може да негира дека Евреите се меѓу најзабележителните луѓе во светот. Во изминативе две иљади години ги има во речиси секоја држава, а сепак успеале да се издвојат со својот идентитет. Секогаш биле обележувани како поинакви, и постојано низ нивната историја страдале заради посебноста на расата и религијата. Тие често биле мразени и потценувани. Понекогаш се обидувале да станат поблиски со нациите со кои живееле, но околностите тоа обично го правеле невозможно.

Евреите се посебни луѓе, не затоа што тие тоа го сакаат, туку затоа што тие се одбрани од Бог да бидат Негови посебни луѓе.

Врската на Бог со Евреите почнала со еден човек, Аврам, кој живеел со идолопоклоници во градот Ур, во земјата која сега е позната како Ирак. Бог го повикал него да го напушти Ур и дојде во земјата сега викана Израел. Аврам, верувајќи и слушајќи го Бог, постанал пример што треба да се следи и таткто на сите кои се деца од Бог според вера. Подоцна, неговото име било сменето во Авраам.

Евреите се потомци од Авраам преку неговиот син Исак и неговиот внук Јаков, на кого подоцна му било дадено името Израел. Голема глад ги однесла Јаков и неговата голема фамилија во Египет, каде тие имале голем напредок и многукратно го зголемиле својот број, уживајќи во наклонетоста на Фараонот, египетскиот крал. Но по кусо време друг крал дошол да владее, кој почнал да се плаши и лошо да се однесува со Израелците и направил од нив робови. Нивната несреќа и страдање постанале толку големи што тие почнале да викаат по Бог за помош, и Бог го праќа Мојсеј како нивни избавител, барајќи да им биде дозволено да ја напуштат земјата.

Фараонот бил решен да ги задржи, но Бог, делувајќи преку Мојсеј, направил страшни болести да паднат врз земјата. Вољата од Фараонот била скршена и на Израелците им било дозволено да одат.

## Договорот со Израел

Откако заминале Фараонот го сменил своето мислење и почнал да ги гони, но со друго големо чудо Израелците избегале преку Црвеното Море и дошле кај Планината Синај во Арабија, каде Бог направил сериозен и обврзувачки договор со нив, и им дал збирка од закони. Овие се зборовите од Бог за народот кажани преку Мојсеј:

*"Ако сега сте ми послушни во потполност и се држите до мојот договор, тогаш вие ќе бидете мојата лична сопственост, посебни во однос на другите нации. И покрај тоа што целата земја е моја, вие за мене ќе бидете царство од свештеници и света нација."* (Исход 19:5,6)

Вака, Израелците биле повикани на послушност кон Бог, исто како што Авраам направил пред нив. Сé додека му биле послушни, тие напредувале како луѓе од Бог, света нација, но оваа голема привилегија донесла со себе тешки одговорности. Последиците од послушноста и непослушноста биле јасно ставени пред нив. Послушноста ќе донесла извонредни благослови, во мир и изобилие во земјата Ханајска, сега Израел, која ќе ја добиеле во посед засекогаш.

Од друга страна, ако не биле послушни и ако обожавале други божества од нациите околу нив, несреќа ќе се надвиснела над нив:

*"Господ ќе направи да бидете поразени пред вашите непријатели . . . ќе бидете оставени неколку на број. зато што не го послушавте Господ вашиот Господ . . . Господ ќе ве расфрли меѓу сите нации, од едниот крај на земјата на другиот . . .Помеѓу тие нации нема да најдете спокој, ни место за одмор колку ни за едно ваше стапало . . . Ќе живеете во постојана неизвесност, исполнети со ужас и дење и ноќе, и никогаш нема да бидете сигурни за својот живот."* (Повторени закони 28:25, 62,64-66).

Овие зборови, со намера да бидат предупредување, всушност постануваат пророштво во историјата на оваа нација. Додека живееле во земјата на Израел, тие постојано биле непослушни, и на крај го отфрлиле Синот од Бог, Господ Исус Христос, и биле одговорни за неговата смрт. Сите предупредувања за казна се случиле, и за време на последните две иљади години страдале од прогонства кои се повторувале, главно од рацете на Христијанските нации, кулминирајќи со прогонствата од Хитлерова Германија и гасните комори.

Но тие преживеале, како што и била намерата од Бог. Тие се сведоци за реалноста на постоењето на Бог. Денеска има Евреи речиси во секоја земја во светот, и покрај тоа што дури до пред крајот на последниот век само малку од нив можеле да бидат најдени во Израел.

## Царот на Израел

Но таа ситуација брзо се сменила, како што пророците од Стариот Завет претскажале многу одамна. Бог не ги заборавил Своите луѓе, и пророкот Езекиел зборува за нивното ветено враќање во земјата од татковците:

*"Затоа јас ќе ве изнесам надвор од сите нации; Јас ќе ве соберам од сите земји и ќе ве донесам назад во вашата сопствена земја . . . Вие ќе живеете во земјата која им ја дадов на вашите предци; Вие ќе бидете мој народ, и јас ќе бидам вашиот Бог."* (Езекил 36:24,28).

Во лекцијата 4 се осврнавме на Езекиел 37:22, и ветувањето дека, по враќањето во земјата, Израел ќе има цар, а тој цар е Исус Христос. Така што враќањето на Евреите во нивната земја е поврзано со враќањето на Господ Исус на земјава. Тој самиот рекол дека Ерусалим е "градот на Големиот Цар" (Матеј 5:35), кој ќе владее од Ерусалим над сиот свет.

Важно прашање останува да биде поставено: во времево сегашно Евреите сеуште не можат да ја прифатат идеата дека Бог може да има Син, и така го отфрлаат Исус како нивни Помазаник (Спасител).
Многу од нив навистина се во очекување на Спасителот, но тие очекуваат и покрај тоа што тој ќе биде голем човек, тој да биде смртен, и на крај ќе умре откако ќе ја заврши својата работа за враќањето на големината на .Израел.

## Иднината на Израел

Дали оваа ситуација ќе се смени? Дали Евреите ќе продолжат да ја отфрлаат вистината, дека Исус е Синот од Бог?

Од пророштвото се гледа дека пред враќањето на Христос, Евреите ќе поминат низ страшен период, каде, сé што постигнале ќе биде изгубено. Ерусалим повторно ќе биде нападнат и заземен од непријатлески војски, но Бог ќе ги спаси; овие армии најпосле ќе бидат поразени и Ерусалим ќе биде спасен.

*"Ќе биде тоа време на проблеми за Јаков, но тој ќе биде спасен."* (Еремија 30:7).

*"Јас ќе ги соберам сите нации во Ерусалим да се борат против него; градот ќе биде освоен, куќите опустошени .. . тогаш Господ ќе излезе и ќе се бори проив тие нации . . . На тој ден неговите стапала ќе стојат на Маслиновата Планина, источно од Ерусалим . . .* (Захарија 14:2-4).

Маслиновата Планина беше местото од каде Исус отиде на Небесата, и на учениците им беше ветено дека тој ќе се врати на истиот начин како што и замина (Делата 1:11).

Што се однесува до Евреите во земјата, ова ќе биде причината за нивното преобраќање кон вистината. Тие ќе научат дека единствениот кој ги спасил нив од нивните непријатели е никој друг туку Исус Христос.

*"Тие ќе гледаат во мене, тој кого  тие го прободеа, и тие ќе жалат по него како што некој жали за единственото дете . . ."* (Захарија 12:10).

Кога Исус и апостолите за прв пат отидоа да проповедаат, тие "го проповедаа Царството од Бог".  Во нашата наредна лекција ќе учиме за врската помеѓу историјата на Еврејскиот народ и доаѓањето на Царството од Бог.

## Заклучок

Евреите се потомците на Авраам, и биле избрани од Бог да бидат Негов посебен народ. Заради постојаната непослушност тие биле казнети, и најпосле растурени низ целиот свет. Нивното враќање во нивната стара земја е знак дека враќањето на Христос е блиску. При неговото враќање тие ќе бидат спасени од големи проблеми, и ќе бидат преобратени.

## Прашања

5.1 Во Стариот Завет има неколку пророштва кои се однесуваат на Евреите кои веќе се исполниле. Дали можете да споменете две од нив?

5.2 Освен неколку од нив, Евреите во основа не веруваат дека Исус е Синот од Бог. Дали тие ќе го мислат тоа и во иднина, и ако не е така,  што е тоа што ќе ја предизвика таа промена?